РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54(6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Бр: 03-124/6
Скопје: 17.08.2022

**До**

**Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

**Предмет: Одговор на барање на мислење за КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

**Врска: Ваш допис бр. 13-1024/1од 08.07.2022 година (Нашбр. 03-124/4 од 11.07.2022 година)**

Почитувани,

Во прилог Ви се доставува Мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 03-124/5 од 17.08.2022 година на Ваше натамошно постапување.

Со почит,

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**

Бр: 03-124/5
Скопје: 17.08.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1024/1 од 08.07.2022 година (Наш број 03-124/4 од 11.07.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 17.08.2022 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Најавата за планиран втор инвестициски проект на Друштвото за производство, трговија и услуги КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МЕКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје кој се однесува на инвестирање во материјални и нематеријални средства поврзано со проширување на капацитетот на постојната фабрика во ТИРЗ Скопје 1 со нова производствена хала, нова линија за автоматско производство на автомобилски кондензатори, центар за истражување и развој на нови кондензатори и просторија за тестирање на нови материјали е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“ бр. 109/13) под услов вкупниот интензитет на регионалната помош која Друштвото за производство,трговија и услуги КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МЕКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје би ја добила од државата како индивидуална помош и /или преку шема на помош да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од истата Уредба. Исто така, вкупниот број на работни места за кои се

доделува државна помош треба да се одржат пополнети во период од 5 години по завршувањето на инвестицискиот проект.

Во Барањето на Мислење бр. 13-1024/1 од 08.07.2022 година наведено е дека за потребите на инвестицискиот проект, компанијата до крајот на 2025 година планира да реализира инвестиција во висина од 23.535.000 евра. За потребите на проширувањето на капацитетот на постојната фабрика во ТИРЗ Скопје 1 со нова производствена хала, нова линија за автоматско производство на автомобилски кондензатори, центар за истражување и развој на нови кондензатори и просторија за тестирање на нови материјали кои се дел од новата фаза на инвестирање, Друштвото за производство, трговија и услуги КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје планира да креира 360 нови работни места. Во Барањето на мислење исто така е наведено дека во пакетот на мерки за планирано доделување на регионална помош, дел од мерките ќе се доделуваат во согласност со Законот за ТИРЗ а дел како индивидуална помош во согласност со Законот за контрола на државната помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решение бр 10-67 од 29.07.2011 го одобри доделувањето на планирана државна помош за регионален развој на КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МЕКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште во ТИРЗ Скопје 1, во износ од 12.000.000 евра. Оваа помош Комисијата за заштита на конкуренцијата ја квалификуваше како доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на РМ " бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10 и 127/12) за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобри Законот за технолошки индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија како и доделување на регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), при што одлучи дека доделувањето на истата е дозволено.

Во Барањето на мислење бр. 13-1024/1 од 08.07.2022 година е наведено дека Друштвото за производство,трговија и услуги КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје до сега има реализирано еден инвестициски проект во ТИРЗ Скопје 1 во период од 2011-2014 година со вкупни оправдани инвестициски трошоци од 16.000.000 евра и 254 вработени до крајот на 2014 година.

Во врска со најавата за реализација на вториот инвестициски проект Друштвото за производство, трговија и услуги КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, до крајот на 2025 година планира да реализира инвестиција во висина од 23.535.000 евра, за проширување на производствениот капацитет и да креира 360 нови работни места. Давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

Со оглед на ова Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува да се внимава на членот 9 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош за поимот на голем инвестициски проект.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**